**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-661/4**
**Скопје, 20.10.2005 година**

**БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ- ОРГАН ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Биро за стоковни резерви за 2004 година, на сметката за редовно работење кои се прикажани на страниците од 4 до 6.
2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија, како и согласно член 556 од Законот за трговски друштва.
3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Биро за стоковни резерви за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.
4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Петар Мирчевски- директор на Бирото за стоковни резерви до 23.02.2004 година
   -Радован Попоски - директор на Бирото за стоковни резерви од 23.02.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.
6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 06.06 до 19.08.05 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор,
   - Доста Скендерова, овластен државен ревизор,
   - Соња Камбовска, ревизор,
   - Александар Ѓорѓиевски, ревизор и
   - Бранка Ажиевска, ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Бирото за стоковни резерви добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 05-960/2 од 06/10/2005 година, и тоа на точките 4, 10.2.1, 10.2.2 и 11, при што се прифатени забелешките на точките 4 и 10.2.1, додека не се прифаќаат забелешките на точките 10.2.2. и 11. Прифатена е забелешката на точката 10.2.1. од причина што правниот субјект дополнително со забелешките ги достави документите кои се однесуваат на оваа точка.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.1.1. Пописот на средствата и нивните извори не е извршен согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетски корисници односно не е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

11.1.2. Ревизијата не беше во можност да се увери дека состојбата на обврските кон добавувачите искажани во Бирото во висина од 3,545 илјади денари се реално и објективно прикажани на ден 31.12.2004 година со примена на постапка на независно усогласување. Од испратените конфирмации до комintентите, до денот на ревизијата не беа добиени доволен број одговори кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните обврски. Имено процентот на добиените одговори во однос на испратените конфирмации изнесува 45%, од кои 20% од одговорите не се усогласени со сметководствената состојба.

**Препораки и мерки:**

При спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата, Бирото да ги почитува одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

### 11.2. Законско и наменско користење на средствата



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

Изборот на складиштарите не подлежи на одредбите од Законот за јавни набавки, но согласно обичајното право за домаќинско стопанисување, потребно е со подзаконски акт Бирото за стоковни резерви да пропише услови и критериуми за избор на складиштарите имајќи ги предвид специфичностите на одредените видови на стоки од една страна и капацитетот и можноста на складиштарот од друга страна.

**Забелешка:**
Во текот на 2005 година донесена е Уредба за условите и критериумите за избор на складиштари на стоковните резерви.

12. Имајки ја предвид значајноста на наодите утврдени од страна на ревизијата, а согласно одредбите од член 12 од Законот за внатрешна ревизија, укажуваме на неопходноста од воведување на внатрешна ревизија која треба да претставува независна објективна активност за осигурување и консалтинг, со цел да придонесе да го подобри работењето на Бирото за стоковни резерви . Внатрешната ревизија има за цел да му помогне на раководството во проценката и подобрувањето на успешноста во процесите на управување со ризикот од злоупотреби и грешки и обезбедување правилна примена на важечките законски прописи.

13. Според наше мислење, поради наодите изнесени во точката 10.1 погоре финансиските извештаи на Бирото за стоковни резерви за 2004 година невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на срествата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

15. Преземени се мерки од страна на субјектот и тоа на дел од препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2003 година кои се однесуваат на сметководствените наоди.

**Скопје, 20/10/2005 година** **Овластен државен ревизор**

**Бранислав Гулев**



***ул: "Маршал Тито" - 12/3*** ***Овластен Државен ревизор***
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ 31 ДЕКЕМВРИ 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 29,720 | 50,473 |
| **Вкупно приходи** | | **29,720** | **50,473** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 6,024 | 6,668 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2 | 22,935 | 19,937 |
| Тековни трансфери | 3.2.3 | 40 | 0 |
| Каматни плаќања | | 0 | 9,475 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **28,999** | **36,080** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1 | 721 | 36 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **721** | **36** |
| **Отплата на главница** | | **0** | **14,357** |
| **Вкупно расходи** | | **29,720** | **50,473** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1 | 3,974 | 447 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3,974** | **447** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 30,859 | 37,535 |
| **Вкупно постојани средства** | | **30,859** | **37,535** |
| **Вкупна актива** | | **34,833** | **37,982** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 3,545 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2 | 429 | 447 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **3,974** | **447** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4 | 30,859 | 37,535 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **30,859** | **37,535** |
| **Вкупна пасива** | | **34,833** | **37,982** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА
## НА СМЕТКАТА ЗА РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

000 ден

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал - залихи на материјали | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **37,535** | **-** | **37,535** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,225** | **22** | **1,247** |
| Набавки во текот на годината | 721 | 22 | 743 |
| Преотстапени средства | 501 | | 501 |
| Ревалоризација за преотстапено службено возило за 2002 год | 3 | | 3 |
| **Намалување по основ на:** | **7,901** | **22** | **7,923** |
| Отпис на капитални средства | | 22 | 22 |
| Амортизација | 7,901 | | 7,901 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **30,859** | **-** | **30,859** |

Образложенијата дадени од страна 7 до 14 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 11-661/10***
***Скопје, 24.11. 2005 година***

Врз основа на член 27 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ" број 73/2004 година – Пречистен текст) е добиен Приговор по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај Министерството за финансии – Бирото за стоковни резерви – Сметка за редовно работење, број 05 – 960/4 од 17/11/2005 година. Главниот државен ревизор го донесе следното

***Р Е Ш Е Н И Е***
***По поднесен приговор на Конечниот извештај***

1. Приговорот на точките 11.2. и 12 од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај Министерството за финансии – Бирото за стоковни резерви – Сметка за редовно работење не се прифаќаат.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето.

4. О б р а з л о ж е н и е,

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за финансии – Бирото за стоковни резерви – Сметка за редовно работење за 2004 година, поднесен е приговор број 05 – 960/4 од 17/11/2005 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот е следната:



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

1. Приговорот на точката 11.2 е всушност известување на одоговорното лице на Бирото за стоковни резерви дека во текот на 2005 година е донесена Уредба од Владата на Република Македонија, со која се дефинирани условите и критериумите за избор на складиштари на стоковните резерви, односно со ова упатство се опфатени прашањата кои беа основа за забелешките од страна на ревизијата. Во Конечниот извештај е обелоденето дека во 2005 година е донесена уредба, со која се пропишани условите и критериумите за избор на складиштарите, со што ќе се избегне субјективноста во изборот на истите во наредниот период.

2. Приговорот на точката 12 кој се однесува на значајноста за воведување на внатрешна ревизија, исто така претставува известување од раководството, дека е во тек постапка на усогласување на ставовите со Министерството за финансии, заради обезбедување на објективност и непристрасност во вршењето на контролата. Заради наведеното, наодот во точката 12 од Конечниот извештај останува непроменет.

**Главен државен ревизор**

**Методија Тошевски**



***ул: “Маршал Тито” - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311